РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-428/3
25.12.2025 година
С К О П Ј Е

# ЗАПИСНИК

## од двесте и четириесет и прва седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители одржана на 27 ноември 2025 година

Согласно член 12 став 1 и став 4 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ" бр.129/2023 и 53/2024), на 27 номеври 2025 година, со почеток во 13.00 часот, во просториите на Академијата за судии и јавни обвинители, се одржа двесте четириесет и првата седница на Управниот одбор на Академијата на која присуствуваа: м-р Бесник Авдија, претседател на УО, Спасенка Андонова, заменик претседател на УО, Душица Димитриеска, член на УО, м-р Башким Бесими, член на УО, м-р Антоанета Димовска, член на УО, Беса Адеми, член на УО, Златко Биковски, член на УО, д-р Али Алиу член на УО и Радица Лазареска Геровска, член на УО.

На седницата присуствуваше и директорката на Академијата, Ирина Трајкоска Стрезоски, без право на глас и Ана Милчевска, вработена во Академијата за судии и јавни обвинители како лице задолжено за работа со Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители со Одлука број 03-321/3 од 21.08.2023 година.

Претседателот на Управниот одбор, судија Бесник Авдија констатираше присуство на сите членови на Управниот одбор, како и дека материјалите за седницата се навремено доставени, по што премина кон читање на предложениот дневен ред за седницата:

1. Усвојување на Записник од 240-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Донесување на одлука за IX генерација почетна обука во Академијата.
3. Разгледување на Известување од Министерство за правда на РСМ за номинација на член во Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители број 08-516/10 од 26.09.2025 година и донесување одлука.
4. Запознавање со Каталог на обуки за 2026 година.

5. Разно.

Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на предложениот дневен ред.

За збор се јави заменик претседателот на УО, Спасенка Андонова која посочи дека смета дека можеби би требало втората точка терминолошки да биде поинаку поставена во насока на разгледување на досега доставен материјал и донесување на одлука. Следни за збор се јавија членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска и Радица Лазареска Геровска кои дадоа мислење дека по однос на тоа дека не е проблем терминолошки да се дополни точката, но дека е нужно да се пристапи кон донесување на одлука по однос на ова прашање. За збор се јави судија Беса Адеми која даде предлог точката да биде дополнета на начин – расправа за донесување одлука и донесување одлука за IX генерација почетна обука во Академијата.

За збор се јави јавен обвинител Златко Биковски, кој постави прашање дали по последно доставената Ургенција до Министерството за финансии преку Судскиот буџетски совет Академијата има добиено повратен одговор, на што директорката на Академијата одговори дека по однос на истата нема добиено повратен одговор.

Понатаму, беше одржана кратка дискусија по однос на терминологијата за дополнување на оваа точка, по што едногласно беше усвоен предлогот точката 2 од дневниот ред биде дополнета на следниот начин - Расправа и разгледување за донесување одлука за IX генерација почетна обука во Академијата.

Бидејќи немаше повеќе пријавени за збор, вака предложениот дневен ред беше ставен на гласање и беше едногласно усвоен следниот дневен ред:

1. Усвојување на Записник од 240-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители.
2. Расправа и разгледување за донесување одлука за IX генерација почетна обука во Академијата.
3. Разгледување на Известување од Министерство за правда на РСМ за номинација на член во Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители број 08-516/10 од 26.09.2025 година и донесување одлука.
4. Запознавање со Каталог на обуки за 2026 година.
5. Разно.

Се премина кон разгледување на **првата точка** од дневниот ред - Усвојување на записникот од 240-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители. Претседателот на Управниот одбор отвори простор за дискусија по однос на оваа точка, но со оглед на тоа што немаше пријавени за збор, записникот од 240-та седница на Управниот одбор на Академијата за судии и јавни обвинители беше ставен на гласање и истиот беше едногласно усвоен.

Се пристапи кон разгледување на **втората точка** на дневен ред - Расправа и разгледување за донесување одлука за IX генерација почетна обука во Академијата. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на втората точка. Беше даден збор на директорката на Академијата да даде хронолошка ретроспектива на деветтата генерација почетна обука од самиот почеток, па се до моментот.

Директорката на Академијата истакна дека на седницата на Управниот одбор одржана на 09.05.2025 година ги кажа фактите, но дека истите ќе ги повтори и овојпат. Во таа насока, директорката на Академијата го истакна следното:

- По одлуки на ССРСМ за 100 судиски места и СЈОРСМ за 30 јавнообвинителски места и согласност од МФ број 18-13371/2 од 11.01.2023 г. за 130 слушатели за 2023 година, објавен е оглас за 130 слушатели во девета генерација почетна обука, објавен во „Службен весник на РСМ" број 19/2023 од 30.01.2023 година;
- На огласот биле пријавени 527 кандидати од кои по администратитвна селекција, 513 пријави биле уредни;
- Тест за познавање на странски јазик бил полаган во месец 05.2023 година;
- Понатаму, бил променет редоследот на полагање на квалификацискиот тест и психолошкиот тест и тест на интегритет бидејќи се очекувало донесување нов Закон за АСЈО;
- Во јуни 2023 е донесен новиот ЗАСЈО – „Службен весник на РСМ" број 129/2023, во кој во преодни и завршни одредби е утврдено дека започнатата постапка за прием ќе продолжи и заврши по новиот Закон;
- По донесувањето на новиот ЗАСЈО, биле променети сите подзаконски акти на Академијата ;
- Психолошкиот тест бил полаган 10.2023 година;
- Тестот за интегритет бил полаган - 11.2023 година ;
- Финансиската согласност за 130 слушатели била обновена за 2024 година, согласно член 20, став 10 од Законот за извршување на Буџетот за 2024 година (Службен весник бр. 283/2023);
- Во меѓувреме било Решение за распишување на претседателски избори 09-1168/1 од 14.02.2024 година;

- Понатаму, се појавил проблем во полагањето квалификацискиот тест. ЗАСЈО предвидувал електронско полагање на квалификацискиот тест, а немало функционален електронски систем – надлежност за спроведување на групна јавна набавка на тогашно Министерство за информатичко оптшсество и администрација;
- На 04.03.2024 година биле донесени измени и дополнувања на ЗАСЈО кои овозможуваат хариено полагање квалификациски тест. Во новодонесените измени и дополнувања на ЗАСЈО, била направена техничка грешка со која се предвидува 35 наместо 30 поени на усниот испит во рамки на приемниот испит;
- На 14.3.2024 година, УО донел одлука за полагање на квалификациски тест во писмена форма и временска динамика со која е закажан квалификацискиот тест;
- На 15.03.2025 била објавена во „Службен весник на РСМ" Статутарна одлука за дополнување на Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители, за да може да се полага во писмена форма (Службен весник број 62/24) и Правилник за дополнување на Правилникот за полагање на приемен испит во Академијата;
- Следувал допис од ДКСК дека до нив е доставен приговор дека Академијата за судии и јавни обвинители сторила повреда на член 34 став 1 алинеја 3 и член 2 став 1 точка 29 од Изборниот законик. Постапката пред ДКСК, завршила со Одлука со која се запира приемната постапка. На ваквата одлука Академијата поднела тужба, по која е донесена пресуда од Управен суд и потврдена од Виш управен суд со која се наложува на Академијата да го запре испитниот процес до завршување на изборниот процес;
- По завршување на изборите Академијата добила допис од Владата на РСМ со кој се задолжуваат работодавците од јавниот сектор да ги запрат постапките за вработување и унапредување кои не завршиле до 31.12.2023 година, објавени врз основа на издадените позитивни согласности од МФ за обезбедени средства во 2023 година, а продолжени во 2024 година врз основа на Законот за извршување на Буџетот на РСМ за 2024 година, со оглед дека се спротивни и неусогласени со одредбите од Законот за буџети;
- Во меѓувреме, со измена на Законот за извршување на Буџетот за 2024 година од 8.2024 („Службен весник на РМ" бр. 69/2024), ставот 10 од член 20 е избришан (ставот кој се однесува на продолжувањето на финансиката согласност од 2023 за 2024 година);
- Понатаму биле доставувани повеќе дописи од Академијата до надлежни институции, дали задолжението за запирање на постапките за вработување се однесува и на почетната обука во Академијата, на што не бил даден конкретен одговор од надлежните;

- По доставено барање од Управниот одбор на Академијата, Министерство за финансии известува дека за 130 лица во 9 генерација почетна обука за 2025 година не се обезбедени финансиски средства;
- По доставено барање од Управниот одбор на Академијата во однос на тоа дали се превидени финансиски средства за 130 слушатели во почетна обука за 2026 година, Министерство за финансии известува дека за 2026 сеуште не е донесен буџетот на државата и МФ не може да се произнесе по прашањето дали ќе има обезбедено буџетски средства;
- Последно, во месец 10.2025 година, Академијата достави Ургенција преку СБС до МФ финансиски средства во 2026 година, по која Академијата сеуште нема добиено одговор од Министерството за финансии на РСМ.

Со тоа, заврши излагањето на директорката на Академијата, по што претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка.

Судија д-р Али Алиу замоли доколку може овој хронолошки преглед на настаните со девета генерација почетна обука да биде пратен на членовите на Управниот одбор, по што директорката на Академијата одговори дека ќе биде доставен.

За збор се јави Радица Лазареска Геровска, која истакна дека доколку се земе предвид дека приемниот испит се наоѓа во фаза на нецелосно завршен квалификациски тест, доколку се земе во предвид фактот дека сеуште не е одлучено по приговорите на кандидатите бидејќи таму е запрена постапката, дека е поминато многу време, многу околности се променети од 2023 година, за неа овој приемен испит е веќе бесмислен бидејќи состојбата е многу застарена. Додаде дека Одлуките за потребите на Судскиот совет и Советот на јавни обвинители е состојба за утврдени потреби во почеток на 2023 година, оттогаш се поминати 3 години, веќе потребите се поинакви, а и заинтересираноста на пријавените лица е доведена во прашање.

Судија д-р Али Алиу се јави за збор и посочи дека во тој случај се доведува во прашање сериозноста на инситуциите, дека кандидатите се пријавиле на оглас и полагале одредени испити.

За збор се јави членот на ССРСМ м-р Антоанета Димовска која го изнесе своето мислење дека кандидатите се јавиле на легитимно објавен оглас од државен орган, дека сериозноста на прашањето е многу голема и дека треба да има правен основ позади секоја донесена одлука. Претседателот на Управниот одбор истакна дека проблемот во состојбата со девета генерација е немањето финансиски средства за вработување на оваа генерација.

За збор се јави членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска која истакна дека во ситуација кога постои објавен оглас, кандидати кои положиле испити, финансиски средства не се обезбедени или ќе остане состојбата како што е, што е неодрживо или Управниот одбор треба да одлучи да приемниот испит за девета генерација да продолжи понатаму и да се ризикува да државата и понатаму да нема обезбедено финансиски средства за нивно вработување, што пак е многу реално да се случи. Додаде дека меѓу двете одлуки, би ја избрала таа во која има надлежност да одлучи, па во однос на останатите работи кои не се надлежност на Управниот одбор на Академијата, би оставила да одлучи надлежниот орган.

Збор побара членот на УО Радица Лазареска Геровска која постави прашање колку кандидати се проеостанати во процесот на тестирање во моментот. Директорката на Академијата одговори дека во моментот се преостанати 276 кандидати кои имаат право да ги полагаат понатамошните испити.

За збор се јави судија Беса Адеми која праша што вели извештајот од ЕУ по однос на ова прашање, на што директорката на Академијата одговори извештајот по однос на Академијата вели дека Академијата треба да биде единствен влез за избор на судии и јавни обвинители и дека почетната обука мора да трае најмалку 24 месеци.

Понатаму, се водеше дискусија дали преостанатите 276 кандидати би биле и понатаму реално заинтересирани да ја продолжат приемната постапка.

За збор се јави членот на УО Радица Лазареска Геровска која истакна дека смета дека за волку голем број слушатели од типот 130/160 кандидати многу е мала веројатноста дека ќе се обезбедат финансиски средства. Членот на ССРСМ, Антоанета Димовска одговори дека во 2023 и 2024 година имало добиена согласност за 130 слушатели на почетна обука. Членот на УО Радица Лазареска Геровска посочи дека од втората половина на 2024, 2025 и 2026 година, државата нема пари за нови вработувања општо и дека препораката за институциите е да се снаоѓаат користејќи хоризонтална мобилност. Даде мислење дека смета дека ССРСМ и СЈОРСМ треба да даваат пореални бројки кога ги дефинираат потребите за идни судии и јавни обвинители. Дотолку повеќе што не би требало да се тргнува од систематизираните слободни судиски и јавнообвинителски места туку од реалната состојба во државата. Посочи дека во процес е реформа по однос на ова прашање, дека се намалува бројката на судиите бидејќи не одговара на потребите на населението. Истакна дека проблемот со судии е во Скопје, бидејќи помалите градови останува се помалку население. За крај повторно посочи дека е нужно да се добиваат пореални бројки од двата совети.

Збор побара членот на ССРСМ, м-р Антоанета Димовска. Резимираше дека неспорно е дека овие лица пријавени на огласот се пријавиле на легитимен оглас, дека поминале до одредена фаза на полагање испити. Додаде дека за неа е неспорно дека во Законот за Академија за судии и јавни обвинители не постои одредба која вели дека постои основ постапката да не продолжи понатаму, дека смета дека како Управен одбор преку писмената коресподенција до надлежните институции ќе се постигне начин да се обезбедат средства, но истото не е постигнато. Истакна дека доколку се утврдени било какви пропусти во постапката за прием и истите се соодветно третирани, нема никаква пречка овој оглас да не продолжи поради утврдени пропусти. Но, во ситуација кога такво нешто не постои, како Управен одбор не гледа законска основа да некому скрати право да доврши приемен процес кој е започнат.

Претседателката на СЈОРСМ, Душица Димитриеска, укажа дека години наназад укажува дека не постои утврдена методологија за проценка на потребниот број на слободни јавнообвинителски места и додаде дека во СЈОРСМ, кога утврдувале слободен број јавнообвинителски места, се движеле во најнеопходниот број односно само да обезбедат замена за јавните обвинители кои се пензионираат, ништо повеќе од тоа.

Членот на ССРСМ Антоанета Димовска посочи дека факт е дека можеби и најдобрите кандидати во меѓувреме се преориентирале и повеќе не се заинтересирани за да продолжат со постапката, дека можеби со тоа Академијата ќе изгуби квалитетни кадри, но ситуацијата е таква каква што е, огласот е објавен, дел од испитите се одржани и не гледа правен основ оваа постапка да заврши поинаку освен истата да продолжи со нејзиниот тек.

Заменик претседателот на УО, Спасенка Андонова праша дали е добиен одговор по Ургенцијата за обезбедени средства за 2026 година, на што директорката на Академијата одговори дека не е добиен одговор, по што заменик претседателот на УО, Спасенка Андонова заклучи дека сеуште постојат отворени прашања и неизвесни одговори по однос на ова прашање.

Членот на УО, Радица Лазареска Геровска, праша дали во предлог буџетот за 2026 година Академијата предвидела средства за прием на 130те слушатели во 9 генерација почетна обука, на што директорот на Академијата одговори дека со Циркуларот за 2025 година, Академијата предвидела средства за прием на 130те слушатели во 9 генерација почетна обука, дека тоа прашање е отворено и Академијата мора да ги бара тие средства. Членот на УО, Радица Лазареска Геровска праша дали во вкупниот предлог буџет од МФ кој што во моментот се

наоѓа во собраниска расправа има предвидено финансиски средства за 130 слушатели во 9 генерација почетна обука, на што директорката на Академијата одговори дека како што и е кажано од Секторот за финансиски прашања во Академијата, во вкупниот предлог буџет за 2026 година, нема обезбедено финансиски средства за 130 слушатели во 9 генерација почетна обука. Членот на ССРСМ праша доколку нема за 130, дали има за помалку кандидати, на што директорката на Академијата одговори дека средства нема. Директорката на Академијата укажа дека лично го нема видено предлог буџетот бидејќи за да се види дали има предвидено финансиски средства треба да се направи пресметка на плати, за што самата не е стручна и поради тоа само пренесува информација што и е кажана од Секторот за финаниски прашања на Академијата.

Судија Беса Адеми побара повторно да се види што вели извештајот од ЕУ во однос на Академијата. Претседателот на УО истакна дека на средбата која ја имале со директорката на Академијата со претставници од ЕУ, истите посочиле дека ставот на ЕУ е во 2026 година да има генерација, а не навлегуваат во однос на овие внатрешни прашања.

За збор се јави членот на СЈОРСМ, Башким Бесими, кој го изнесе својот став дека од одговорот од Министерството за финансии на РСМ во однос на обезбедени финансиски средства за генерација во 2026 година произлегува дека буџетот за 2026 година сеуште не е официјално донесен и тука е она што е неодговорено прашање во моментот. Истакна дека треба да се почека да се донесе буџетот па да се види дали ќе има или ќе нема обезбедено средства за генерација слушатели на почетна обука во 2026 година.

Збор побара јавен обвинител Златко Биковски, кој го изнесе своето гледиште. Се согласи со судија Антоанета Димовска во однос на она кои се неспорните факти во оваа ситуација. Истакна дека она што го изнесе последно членот на СЈОРСМ, Башким Бесими, дека буџетот за 2026 година не е донесен, е токму и причината заради преформулирање на точката два од денешната седница. Изнесе дека смета дека не може на не донесен буџет да се донесе било каква одлука, па даде за пример ситуации да се поништи овој оглас поради немање финансиски средства, а на седницата на Собранието на РСМ на 9.12 во конечниот буџет да бидат одобрени средства, или обратна ситуација. Истакна дека ваква ситуација законодавецот не можел да предвиди, бидејќи законите предвидуваат логична предвидлива рамка за регулирање на определени односи.

Следно, јавниот обвинител Златко Биковски истакна дека ни самиот нема јасно утврдено убедување како е правилно да се постапи во конкретната ситуација бидејќи истата не е предвидена во законот, но дека некој во овој правен систем

мора да пресече и дека Владата како носител на извршната власт, кој треба да обезбеди средства, истите ги нема обезбедено. Посочи дека судија Антоанета Димовска укажа на неспорните прашања во конкретниов случај, а тој би се осврнал на спорните прашања, од која точка можеби ќе се придонесе за изнаоѓање на решение. Во таа насока, истакна три спорни прашања за него:

1. Дали во досегашниот процес од моментот на објавување на огласот до денес, постои континуитет на барањата за обезбедени финансиски средства за 9-та генерација?
   Директорката на Академијата одговори дека постои континуитет на барањата за финансиска согласност, па така посочи дека за 2023 година има обезбедено финансиска согласност, за 2024 година истата е продолжена со Законот за извршување на буџетотот на РСМ за 2024 година. Со измена и дополнување на Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2024 година („Сл. Весник на РСМ" број 69/2024), донесена во месец август 2024 година, одредбата од ЗИБ за 2024 година со која е продолжена финансиската согласност е укината. Во 2025 година по барање на овој Управен одбор, е добиено известување дека не се обезбедени финансиски средства за 2025 година, а за 2026 година известувањето од МФ гласи дека сеуште не е донесен буџетот за 2026 година и по однос на истото МФ не може да се произнесе. Обвинителот Биковски додаде дека мисли на циркуларните барања, дали генерацијата од 130 слушатели е редовно предвидувана во истите, на што директорката на Академијата одговори дека истата е редовно предвидувана во предлог буџетскиот циркулар кој Академијата секоја година го доставува преку СБС до МФ.
   По ова беше заклучено дека Академијата редовно ги предвидувала и барала средствата за вработување на 130 слушатели во девета генерација почетна обука и во однос на тоа прашање Академијата нема направено пропуст.
2. Второто прашање од јавниот обвинител Златко Биковски гласеше - имајќи предвид дека огласот за прием на девета генерација слушатели во почетна обука е објавен по еден ЗАСЈО, а во меѓувреме е донесен нов ЗАСЈО од 2023 година, дали новиот закон има негативни импликации или некаква пречка за исполнување на било кој чекор од процесот и континуитетот на полагање на деветтата генерација почетна обука во Академијата? Директорката на Академијата одговори дека не постои ваква пречка бидејќи во преодни и завршни одредби во законот од 2023 година стои дека приемната постапка ќе продолжи по одредбите на новиот закон.

3. Последното прашање беше зошто од почетокот на 2025 година Академијата не продолжи со полагањето на испитите во рамки на приемниот испит? Во оваа насока јавниот обвинител Златко Биковски појасни дека за 2024 не прашува зошто не продолжило полагањето бидејќи за 2024 година се однесувале насоките од Владата на РСМ да се запрат постапките за вработување за 2024 година, започнати во 2023 година, но праша зошто испитниот процес не продолжил во 2025 година? Директорката на Академијата одговори дека за да продолжи приемната постапка потребно е да биде донесена временска динамика, дека претходниот состав на Управниот одбор на Академијата, за последен пат во неговиот мандат го разгледувал ова прашање во месец ноември 2024 година. Во тој момент имало доставено писмо до Министерот за правда на РСМ за да ова прашање да го постави на седница на Владата на РСМ, во насока на барање информација дали приемната постапка може да продолжи бидејќи многуте доставени дописи од Академијата до Владата и МФ останува неодговорени. Во однос на прашањето од јавниот обвинител Биковски дали доколку Управниот одбор на почетокот на 2025 година донел временска динамика приемниот испит ќе продолжел, директорката на Академијата одговори дека би настанал проблем со грешката од Законот со утврдени вкупно 105 наместо вкупно 100 бода на усниот дел од приемниот испит која одредба е проблем да се примени во пракса. Јавниот обвинител Биковски заклучи дека всушност одговорот на второто прашање е дека има пречка за примената на одредба од ЗАСЈО која би направила проблем во приемниот испит и дека на крајот на полагањето би се јавил проблем во пресметката на бодовите. Директорката на Академијата ја прочита одредбата од член 45 ставови 9, 13 и 15 од Законот каде постои техничката грешка.

Судија Антоанета Димовска праша зошто досега тоа не е променето, на што директорката на Академијата одговори дека Академијата се има обратено до Министерството за правда со укажување за потребата од измена на законот и дека Министерот за правда има формирано работна група која во моментов работи на измена на ЗАСЈО.

Јавниот обвинител Биковски праша колкав е капацитетот на Академијата во однос на тоа колав број слушатели има капацитет да прими во една генерација. Директорката на Академијата одговори дека во една смена не би можеле да се примат 130 кандидати во просториите со кои располага Академијата, евентуално би било возможно доколку се изнајми простор надвор од Академијата. Во две смени би можело да се примат 130 слушатели во Академијата, но впечатокот од претходната генерација бил дека тоа не би било добро решение бидејќи наставата

се одвивала до доцна, било исцрпувачки, а и постои дуплирање на финансиите. Истакна дека според неа најрационалното решение би било да се изнајми простор за наставата да се следи во една смена, во просторија која би ги собрала сите кандидати, како амфитеатар или сала. Јавниот обвинител Биковски заклучи дека одлуката за прием на 130 слушатели сама по себе е мегаломанаска во однос на просторните капацитети на Академијата, на што директорката на Академијата одгвори дека обвинителот Биковски е во право. Јавниот обвинител праша која бројка на слушатели е лесно прифатлива за Академијата да ја реализира почетната обука без просторни и други капацитетни потешкотии, на што дискутирано дека бројот од 60 слушатели е некој разумен и прифатлив број.

Јавниот обвинител Златко Биковски, за крај истакна дека во секој случај смета дека треба да се почека донесувањето на буџетот за 2026 година, бидејќи можно е состојбата со буџетот да се смени по амандманска расправа. Во секој случај, истакна, дека доколку членот 11 од ЗАСЈО дава надлежност Управниот одбор да го определи почетокот на почетна обука и бројот на кандидати во почетна обука како и да донесува други одлуки во своето работење, смета дека нивна е обврската да го финализираат ова прашање бидејќи од Управниот одбор тоа се очекува. Јавниот обвинител Златко Биковски укажа дека во чекорите од Реформската агенда како официјален одоговор до ЕУ е доставена информацијата дека по добивање на одговор од МФ за средства 130 слушатели во почетна обука за 2026 година, Управниот одбор ќе одлучи за продолжувањето на процесот за прием, што значи дека Управниот одбор од ЕУ е посочен дека од него се очекува дека да одлучи по однос на ова прашање. Јавниот обвинител Биковски исто така посочи дека доколку во догледно време не се најде решение за ова прашање не гледа оправдување за неговото членство во Управниот одбор на Академијата и би си поднел оставка. Дополни дека додека Управниот одбор дискутиура за состојбата со деветата генерација почетна обука, Европа веќе поставува прашања освен за состојбата со деветета и за десетата генерација почетна обука.

По ова Претседателот на Управниот одбор даде кратка пауза од 15 минути. По кратката пауза седницата продолжи. Претседателот на Управниот одбор ја продолжи дискусијата по однос на втората точка на дневен ред.

За збор се јави членот на УО Радица Лазареска Геровска која изнесе став дека смета дека во овој момент е рано да се донесе било каква одлука, на што јавниот обвинител Златко Биковски дополни дека треба да се почека донесувањето на буџетот за 2026 година, за да може да се има појасна слика за целата работа. Сите членови на УО едногласно се согласија со тоа да се сочека донесувањето на буџетот на РСМ за 2026 година.

Се премина кон Разгледување на **третата точка** на дневен ред, Известување од Министерство за правда на РСМ за номинација на член во Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители број 08-516/10 од 26.09.2025 година и донесување одлука. Претседателот на Управниот одбор истакна дека за член во Програмскиот совет во АСЈО, од страна на Министерството за правда на РСМ е назначена Гордана Милевска, Раководител на Одделение за меѓународна правна помош во кривичната материја при Сектор за меѓународна правна помош. Претседателот на Управниот одбор отвори дискусија по однос на оваа точка, праша дали назначеното лице ги исполнува условите за членство во Програмскиот совет, утврдени во ЗАСЈО, на што беше одговорено дека согласно член 19 став 3 алинеја 3 од ЗАСЈО, назначеното лице ги исполнува предвидените законски услови за членство во Програмскиот совет на Академијата. По разгледувањето на доставената документација, едногласно беше одлучено дека Гордана Милевска, Раководител на Одделение за меѓународна правна помош во кривичната материја при Сектор за меѓународна правна помош е назначена за член во Програмскиот совет на Академијата.

**Четврта точка** на дневен ред беше точката Запознавање со Каталог на обуки за 2026 година. Претседателот на УО отвори дискусија по однос на оваа точка. Директорката на Академијата истакна дека Управниот одбор минатата година донесе програма врз основа на која се изготвени ланскиот и овогодинешниот каталогот на обуки. Додаде дека согласно правилникот, Управниот одбор само се запознава со Каталогот на обуки кој е донесен од Програмскиот совет на Академијата.

За збор се јави заменик претседателот на Управниот одбор, Спасенка Андонова, која праша дали при изработката на Каталогот се земени во предвид одговорените прашалници за потребни теми на обуки од учесниците на обуките во изминатата година, на што директорката на Академијата одговори потврдно, дека Програмскиот совет ги има разгледано истите и дека ги има земено во предвид при изработката на каталогот за обуки за 2026 година.

Збор зеде јавниот обвинител Златко Биковски кој праша дали некој укажал до Академијата за потребата од поставување обуки во Каталогот за обуки на тема – правила, процедури за составување попрецизни обвиненија, а со тоа и попрецизни пресуди. Дополни дека на иницијатива на САД во РСМ, во соработка со јавното обвинителство постои иницијатива во оваа насока, дека во пракса постои сериозен проблем во однос на истото, дека се потребни обуки во таа насока. Обуките би се реализирале преку Академијата, прво преку реализација на обуки за обучувачи, следно на таргетирани лица. На крај обвинителот Биковски праша дали организацијата на овие обуки би требало да влезе во рамки на Каталогот на обуки или овие обуки би оделе како дополнителни со проекти, дали би можел Каталогот

да се дополни во иднина и дали некој воопшто ја известил Академијата во врска со истото.

Директорката на Академијата одговори дека во период од 10-12.12.2025 година веќе е закажано одржување на обука на обучувачи во соработка со Амбасадата на САД во РСМ и ОБСЕ, како и дека во текот на 2026 година се закажани исто така обуки на оваа тема. Директорката на Академијата дополни дека овие обуки не се во Каталогот на обуки, дека истите се дополнителни обуки организирани заедно со проекти, за пишување обвиненија заедно со Здружението на јавни обвинители.

Претседателот на Управниот одбор праша дали има нешто извесно за одржување на седница на УО во месец декември, на што директорката одговори дека засега нема, но дополнително ќе се договорат доколку произлезе потреба.

Судија Беса Адеми праша дали треба да се дополни каталогот за обуки за 2026 година со информација за тоа кои судови се однесуваат обуките бидејќи во минатото тоа се пишувало, на што директорката на Академијата одговори дека дека се пишува само целната група и се однесува на сите судии кои се работат на конкретната материја. Во таа насока, директорката дополни и дека доколку обуката се организира по апелациони различни подрачја, исто така таа информација е наведена во каталогот и е прецизирано за кое апелационо подрачје е наменета.

Под точката **Разно,** беше доставено исплатното ливче за исплатата на надоместокот на членовите Управниот одбор за месец 10.2025 година.

Со оглед на тоа дека сите точки од дневниот ред беа исцрпени, претседателот на Управниот одбор ја затвори 241-та седница на Управниот одбор на Академијата во 15.00 часот.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija

Записникот го изготви Ана Милчевска,
Советник за нормативно правни работи и управување со човечки ресурси